Влада на Република Северна Македонија
Бр. 4401-17/7

# З А П И С Н И К
од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 февруари 2020 година во Охрид

Скопје, февруари 2020 година

З А П И С Н И К

**од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година во Охрид**

Седницата започна во 17:45 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Нивес Тигањ, амбасадор на Република Хрватска во Република Северна Македонија како и градоначалникот на Општина Охрид, Константин Георгиески, градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, градоначалникот на Општина Ресен, Живко Гошаревски, градоначалникот на Општина Дебрца, Зоран Ногачески и градоначалникот на Општина Вевчани, Сашо Јанкоски.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,

д-р Бујар Османи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за програмата и приоритетите на Хрватското претседателство со Советот на Европската Унија, со презентација

2. Информација за состојбите и извршените посети во општините Охрид, Струга, Ресен, Вевчани и Дебрца

3. Информација за присуството на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО

4. Информација за извршен инспекциски надзор на изградба на градби од прва категорија на подрачјето на општините Охрид и Струга и Информацијата за преземените активности на овластените градежни инспектори за наведените подрачја

5. Извештај за утврдена состојба на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија

6. Збирен извештај за настанатите штети од елементарните непогоди кои ги зафатија општините:Василево, Гази Баба, Могила и Прилеп

7. Информација со тарифници на основачот на технолошките индустриски развојни зони на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на технолошките индустриски развојни зони, со предлог – одлуки

8. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН”- Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука

9. Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење „АГРО-БЕРЗА“ Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука

10. Информација со предлог за донесување на одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на

платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог – одлука

11. Информација за проектирање на државен пат А1, делница Прилеп - Ленишка река на ниво на нов експресен пат и реализација на проектот во рамки на ИПА 2 (СОПТ 2014-2020)

12. Информација за користење на неповратни средства за техничка помош преку Кредитната банка за обнова КфВ, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија

13. Предлог - програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2020 година

14. Информација за реализација на проектот, реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во н.м.Црнилиште-Општина Долнени

15. Информација со Предлог - решение за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на архивите од Анексот Г (Анексот Д) на Спогодбата за прашања на сукцесија

16. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, (ДП бр.03-668/19, Гостивар)

17. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Центар)

18. Информација во врска со барање за овластување на Општина Кавадарци за самостојно решавање на состојбата од областа на управување со отпад на подрачје на Општина Кавадарци

19. Информација за утврдување на потреба за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес од локално значење – изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура предвидена со ДУП за дел од УБ 11.01 и УБ 11.05, со Предлог-одлука

20. Информација со предлог - мерки за подобрување на рангот кај индикаторот Плаќање даноци во Извештајот Doing business

21. Предлог - закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, по скратена постапка

22. Информација за акредитација на „Единица за имплементација на проекти од ИПА II при Јавното Претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје“, како дел од Оперативната структура за Секторска оперативна програма за транспорт 2014-2020

23. Информација за едностран раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 7 „Тработивиште“ – Делчево бр.42-6789/1 од 12.08.2014 година склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Ловечкото здружение „Острец“ – Делчево, Предлог – одлука за едностран раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Тработивиште“ во ловен реон Делчево и Предлог - одлука за давање на присилна концесија на дивечот во ловиштето на Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост „Национални шуми“ – Скопје

24. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Зелениково“ - Скопје со кое управува концесионерот Друштво за лов, трговија и услуги „Форестер Хантинг Агенси“ од Скопје, со Предлог - одлука за еднострано раскинување на договорот и Предлог - одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето

25. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог - одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Св.Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце“-Скопје (клучка „Стенковец“), подделница 1-проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце“ до с. Блаце до ниво на автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Б3–големи угостителски единици, КО Челопек - вонград, Општина Брвеница, со Предлог - одлука

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДЗПТУ „Еригон Голд“ ДОО Росоман ул.11-ти Октомври бр.9 Росоман, со Предлог-одлука (44-481/1)

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДЗПТУ „Еригон Голд“ ДОО Росоман ул.11-ти Октомври бр.9 Росоман со Предлог-одлука (44-483/1)

30. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДППУ „Агрорадомак“ ДООЕЛ с.Р'жаничино, О.Петровац, со Предлог - одлука

31. Информација за покачување на платата на овластени службени лица во Шумската полиција

32. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2018 година

33. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река, со Предлог - одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог текст на претквалификациска документација и Јавен повик

34. Информација за склучување на билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија за ко-финансирање на големиот инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Битола

35. Информација за потребата од склучување Анекс Договор број 2 на Договорот за проектот Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година

36. Информација во врска со потпишување Договор за реализација на проект од Зелениот климатски фонд со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации

37. Информација во врска со барањето за пренос на удел во Концесионерот „Хидро Еко Инженеринг“ ДОО Скопје, со Предлог - одлука

38. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Макпетрол“, Струга, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

39. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Макпетрол“, Маврово, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

40. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Модерн Инн“, Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

41. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Два Бисера – Охрид, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

42. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Империал“ - Струга, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

43. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Буџак 91 Емаа“, Охрид, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

44. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Интернационал“, Велес, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

45. Предлог - закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против криумчарење мигранти

46. Информација за проектот „Набавка на хардвер и софтвер за системот „Централен регистар на население““

47. Информација за одржување на системот „Централен регистар на население“

48. Информација за одржување на платформата за електронско давање на услуги (eSDP)

49. Информација за приклучување на Република Северна Македонија кон ISA2 програмата со извештај за завршеното усогласување на содржината на Договорот

50. Информација за превентивно и адаптивно одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSYS)

51. Информација за одржување на LMS (Систем за управување со учењето)

52. Информација за одржувањето на втората сервисна магистрала од платформата за интероперабилност

53. Информација за повеќегодишна јавна набавка за превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР

54. Информација за потреба од преземање на мерки и активности поврзани со Националниот портал за електронски услуги

55. Информација со Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Општина Охрид

56. Информација со предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини (бироа и столови)

57. Информација за обезбедување на простории за Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

58. Информација за подготовката на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 13 февруари 2020 година во Брисел

59. Предлог – одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Руската Федерација во Република Северна Македонија

60. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1721 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив

61. Информација за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Еурокан земјоделие ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

62. Информација со Национална стратегија за хемофилија и други вродени нарушувања на системот за коагулација 2020-2030 и Акциски план, за период 2020-2022

63. Информација за текот и прогресот на планот за вработување на 32 здравствени медијатори за фискална 2019/2020 година во јавните здравствени установи

64. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (книги за потребите на ЈОУ Библиотека „Феткин“, Кавадарци)

65. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (книги за потребите на ЈОУ Библиотека „Искра“, Кочани)

66. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни стварина Општина Свети Николе (книги за потребите на Градската библиотека „Гоце Делчев“, Свети Николе)

67. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги за потребите на Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп)

68. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (книги за потребите на ЛУ Библиотека „Страшо Пинџур“, Неготино)

69. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги за потребите на Јавна општинска установа-библиотека „Тане Георгиевски“, Куманово)

70. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (книги за потребите на Јавна локална библиотека „Илинден“, Делчево)

71. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги за потребите на Јавна установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје)

72. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (книги за потребите на ЛУ Библиотека „Благој Јанков - Мучето“, Струмица)

73. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги за потребите на Јавна општинска установа Библиотека „Ванчо Прке“ Виница)

74. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (книги за потребите на Локална библиотека „Гоце Делчев“, Велес)

75. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (книги за потребите на Општинска народна библиотека „Браќа Миладиновци“ Радовиш)

76. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа „Центар за култура Крива Паланка“ (книги)

77. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“, Кичево (книги)

78. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (книги за потребите на Дом на културата „Димитар Беровски“, Берово)

79. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (книги за потребите на Општинска установа Дом на култура „Македонски Брод“, Македонски Брод)

80. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“, Гостивар (книги)

81. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Валандово (книги за потребите на Јавна општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“, Валандово)

82. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа - Центар за култура „Браќа Миладиновци“, Струга (книги)

83. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги за потребите на Општинската установа Дом на култура „Наум Наумовски Борче“, Крушево)

84. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Кочо Рацин“, Тетово (книги)

85. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Злетовски Рудар“, Пробиштип)

86. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги)

87. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Драги Тозија“, Ресен)

88. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги)

89. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение Библиотека „АЛ-БИ“, с. Бабино, Демир Хисар (книги)

90. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги за потребите на Дом на култура „Илинден“, Демир Хисар)

91. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците (книги)

92. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

93. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП „Македонска радио телевизија“ за 2020 година

94. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јули до 31 декември 2019 година

95. Барање за давање на автентично толкување на член 119 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019), поднесено од пратеникот Александар Филиповски

96. Барање за давање на автентично толкување на член 204 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13,113/14, 20/15, 33/15, 72/15,129/15, 27/16,120/18 и 110/19), поднесено од пратеникот Нола Исмајлоска Старова

97. Барање за давање на автентично толкување на член 76 став 1 точка 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18 ,198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ

98. Иницијатива од Катица Тасева од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.164/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/2019)

99. Понуда од нотар Сашо Клисаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со ИЛ. бр.189357 за КО Драчево 2 на КП бр.2016 дел 1 викано место/улица Чупријан, ИЛ бр.192486 за КО Драчево 2 на КП 2061 дел 1 викано место/улица Чупријан

100. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со ИЛ.3381 за КО Бутел на КП бр.2098 викано место/улица Бара

101. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3391 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.6265 викано место/улица „Крсто Раковски“

102. Налог од Извршител Весна Деловска од Скопје. за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр. 2663/2018

103. Кадровски прашања

104. Прашања и предлози

105. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, за периодот од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година

106. Информација за концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони

107. Информација во врска со предлог Договорот за соработка помеѓу земјите членки на BLUE MED - функционален воздушен блок и Република Северна Македонија

108. Информација за обезбедување на дополнителни средства за завршување на Проектот Изградба на Судница во КПУ-КПД Идризово, Скопје и реконструкција на КПУ Затвор Битола, Битола

109. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Јакимовски и „Кари превоз“ против Северна Македонија, А.бр. 51599/11

110. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права „Техно-интерекспорт, Душко“ ДООЕЛ против Северна Македонија, А.бр. 22078/17 и 22530/17

111. Информација за потребата од донесување на одлуки за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за катастар на недвижности, на Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, и на Министерство за правда- Управа за водење на матични книги и Одлука за престанок и за давање на заедничко користење на недвижни ствари на Министерство за финансии, Агенција за катастар на недвижности, Министерство за правда-Управа за водење матични книги и Министерство за финансии-Управа за јавни приходи, со предлог-одлуки

112. Предлог - одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2020 година

113. Предлог - одлука за давање на трајно користење без надомест на недвижна ствар на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

114. Информација за потпишување на Договорот за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

115. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Битола

116. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Штип

117. Предлог - решенија за формирање комисии за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за вршење на стопански риболов на риболовни зони

118. Информација за преземање на мерки и активности на риболовното подрачје Охридско Езеро по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за едностран раскин на Договорот за концесија на рибите за вршење на стопански риболов

119. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ „Клиничка болница“, Тетово

120. Информација за формирање Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс „Клиники Мајка Тереза“, Скопје, со Предлог - решение

121. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за оформување на хибридна мулти-функционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ „Универзитетска клиника за неврохирургија“, Скопје

122. Предлог - одлука за престанок на користење на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија корисник Јавна здравствена установа „Општа болница“, Велес и пренесување право на сопственост на наедвижната ствар на Општина Велес, без надомест

123. Информација за преземените активности и организациони аспекти во пресрет на македонско-бугарското ко-претседавање со „Берлинскиот процес 2020 (БП-2020) и за престојниот Состанок на министрите за надворешни работи во рамките на БП-2020 (Скопје, 10 март о.г.)

124. Предлог - одлука за намалување на царинските стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони делови од керамички материјали

125. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги „Маријупхарма“, ДОО, експорт-импорт, Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

126. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „МБ Биоцентрум“, ДООЕЛ, Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

127. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација

за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог - одлука

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на Хрватското претседателство со Советот на Европската Унија, со презентација, како материјал за информирање.

На седницата на Владата присуствуваше амбасадорот на Република Хрватска во Република Северна Македонија, Нивес Тигањ, која ги презентираше највисоките приоритети од програмата на Хрватското претседателство со Советот на Европската Унија, од кои ги посочи следните:

Врамнотежен, одржлив и вклучителен развој на Европската Унија, којшто ќе ги уважува посебностите и потребите на сите држави членки, на нивните региони и нивните граѓани (со заложба за понатамошно јакнење на единствениот пазар, дигитализација во работењето, квалитетно образование, мерки за спречување на негативните демографски трендови, заштита на животната средина и климатски промени и сл.) е првиот приоритет на Република Хрватска како претседавач со Советот на Европската Унија.

Понатаму, извести дека втор приоритет е поттикнување за инфраструктурно поврзување, со цел создавање на единствен европски сообраќаен простор, како и можностите и потенцијалите на новите технологии, за да се даде дополнителен поттик за мобилноста на учениците, студентите, истражувачите и професорите. Воедно, укажа дека приоритет е и промоција и заштита на културното наследство и во таа насока информираше дека хрватскиот град Риека ја доби титулата Европска престолнина на културата за 2020 година.

По однос на третиот приоритет, амбасадорот на Република Хрватска во Република Северна Македонија, Нивес Тигањ, го посочи понатамошниот развој на Унијата како простор за слобода, безбедност и правда, со што заложбата ќе биде насочена кон јакнење на внатрешната безбедност во Унијата, како и сеопфатна и одржлива миграциска политика со јакнење на соработката со третите држави, вклучувајќи го регионот на Југоисточна Европа, а во постојан фокус се владеењето на правото, јакнењето на демократските начела и основните вредности.

Зајакнувањето на кредибилитетот на меѓународен план на Европската Унија преку односите со Западен Балкан, го нагласи како четврти приоритет – Влијателна Европа, со поттикнување на видливоста, присутноста, веродостојноста и кредибилитетот на Европската Унија на меѓународен план, но и во своето

непосредно опкружување, со што истакна и дека ќе се залагаат за продолжување и за веродостојна политика на проширување на Европската Унија, кое претставува влог во безбедност и економски развој на Европската Унија. Во контекст на проширувањето на Европската Унија, по иницијатива на Република Хрватска, во Загреб, во мај 2020 година ќе се одржи Самит помеѓу земјите на Западен Балкан и Европската Унија. Целта на овој Самит е да се зајакнува политичката динамика на односите помеѓу државите членки на Европската Унија и на земјите на Западен Балкан, во насока да се надминат сите прашања, како и на Самитот на Источното партнерство во јуни 2020 година, во Брисел.

Покрај споменатите приоритети, амбасадорот на Република Хрватска во Република Северна Македонија, Нивес Тигањ ги посочи и конкретните теми кои доминираат на ниво на Европската Унија, односно: Брегзит, Договорот за повеќегодишна финансиска рамка на Европската Унија, проширувањето на Европската Унија и координирање на ставовите на Европскиот совет за иднината на Европската Унија.

По однос на прашањето на пристапниот процес на Република Северна Македонија за влез во Европската Унија, истакна дека истиот е јасен, Република Северна Македонија има целосна, силна и безусловна поддршка по тоа прашање од Република Хрватска како претседавач со Советот на Европската Унија и дека вредностите на Европската Унија треба да им се доближат на граѓаните и тоа да е процес кој не запира.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски се заблагодари на безрезервната поддршка која Република Хрватска ја дава на Република Северна Македонија, во овие особено важни моменти за земјата за влез во НАТО и во Европската Унија, а позицијата на Република Северна Македонија во однос на членството во НАТО и Европската Унија е јасна и дека како држава продолжуваме со реформите, со цел да добиеме позитивна препорака за отпочнување на преговорите за влез во Европската Унија.

Понатаму ја истакна и одличната билатерална соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска и можноста за развој на економските односи, со цел развој на целиот регион.

**Точка 2**

Во врска со информирањето за состојбите и извршените посети во општините Охрид, Струга, Ресен, Вевчани и Дебрца:

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, им се заблагодари на градоначалниците на општините: Охрид, Струга, Ресен, Вевчани и Дебрца за присуството на седницата на Владата на Република Северна Македонија и истакна дека ова е петта од планираните десет седници на Владата кои еднаш месечно се одржуваат во десет различни региони во државата. Притоа ја истакна важноста од одржувањето на вакви седници бидејќи на овој начин

директно ќе се добијат информациите од интерес на граѓаните од нивните општини и согласно тоа ќе може да се димензионираат идните политики и одлуки за проекти кои може да се реализираат заедно со централната власт. Укажа на важноста од посетата на реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО и извршениот инспекциски надзор на градби од прва категорија на подрачјето на општините Охрид и Струга како и за преземените активности на овластени градежни инспектори за овие подрачја.

Градоначалникот на Општина Охрид, д-р Костантин Георгиевски, им се заблагодари и им посака срдечно добредојде на членовите на Владата во Охрид и истакна дека ваквите Владини седници се една исклучителна можност одблиску и заедно да се согледаат резултатите од досегашната соработка, но и да се поразговара за идните планови и проекти кои се во интерес на граѓаните на Општина Охрид и на останатите општини од Југозападниот Регион.

Градоначалникот на Општина Охрид, истакна дека е особено задоволен од досегашната соработка со централната власт, со министрите и со директорите на државните и јавните претпријатија и дека е горд на резултатите што се постигнати во делот на неколку важни сегменти.

Како еден од најважните приоритети на оваа локална власт го посочи раздолжувањето на Општината со кое по речиси две децении, Општина Охрид конечно ќе има деблокирана сметка, а тоа значи подобро функционирање, повеќе средства за развојни проекти и полесен пристап до европските фондови. Инаку долгот на општината во јануари 2019 година, бил преку една милијарда и шесто милиони денари, додека во моментов долгот по сите основи на општина Охрид е околу 500 милиони денари.

Исто така, истакна дека со формирањето на новото Јавно претпријатие Колекторски систем кое веќе започна да функционира и ги презеде обврските за одржување, обновување и продолжување на колекторскиот систем конечно е решен деценискиот проблем со загадувањето на Охридското Езеро, како и целокупната животна средина.

Направени се значајни чекори во рамки на заложбите за зачувување на статусот на светско, природно и културно наследство кое го поседува овој регион но се работи за еден сложен и долгорочен процес и изрази убедување дека заеднички ќе се успее.

Исто така, истакна дека општината е посветена во вложувањето во сообраќајната инфраструктура, бидејќи Охрид треба да има функционална сообраќајна мрежа во согласност со сите современи текови, кои ќе овозможат услови за безбеден и динамичен сообраќај, што е од особена важност за жителите и за туристите кои секојдневно го посетуваат градот.

Со поддршка на Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта минатата година се реализирани следниве проекти:

- Реконструкција на главната сообраќајница во Охрид, Булеварот „Туристичка“;

- Распишан е тендерот за изведба и реконструкција на линиски инфраструктурни објекти за фекална атмосферска и водоводна мрежа на улицата „Абас Емин“ во вредност од 26 милиони денари со што се решава еден децениски проблем кој е од големо значење за општината и за обезбедување подобри услови за жителите од оваа улица.

- Исклучително, значаен проект за Охрид кој ќе започне да се реализира наскоро е комплетната реконструкција на влезот на Охрид од страна на Битола или улицата „15-ти Корпус“. За неа, преку Јавното претпријатие за државни патишта се добиени 30 милиони денари, додека остатокот од инвестицијата, 30 милиони денари за изградба на тротоари, осветлување и атмосферска канализација, се од Буџетот на Општината

- Реализирани се и крупни инфраструктурни зафати како што се целокупната реконструкција на улиците „Кеј Македонија“, „Егејска“ и „АСНОМ“.

Градоначалникот на Општина Охрид истакна дека има значителни инвестиции во делот на образованието, како што се поставување на нови покриви на четири основни училишта, изградба на новата спортска сала во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, како и завршувањето на претходно започнатите проекти за затворениот Зелен пазар и автобуската станица, кои се реализирани по пат на јавно приватно партнерство.

Како идни проекти, градоначалникот ги издвои:

- реконструкција на улиците „Македонски просветители“, „Прва Македонска ударна бригада“, „Охридска бригада“ и „Марко Цепенков“, како и низа проекти за изградба на канализација и асфалтирање на улици во неколку села и населби.

- издвоени се значителни средства од Буџетот за капитални инвестиции во основните и средните училишта, со кои значително ќе бидат подобрени условите за одвивање на наставата.

- Ставање на камен темелник на првата катна гаража во Охрид.

Како најголем туристички бисер во државата ги истакна заложба на централната и локалната власт во туристичката сфера:

- Кон Охридскиот аеродром Свети „Апостол Павле“ од минатата година, воспоставени се нови директни линии од Виена, Малме, Милано, Дортмунд и Меминген и заедно со редовните линии кон Базел и Цирих, градот Охрид е поврзан град преку целата година што значително влијае врз бројот на туристи и остварени ноќевања во минатата година.

Исто така, за охридските туристички работници, особено важни се директните чартер линии од Амстердам, Брисел, Тел Авив, Варшава, Катовица, Истанбул, Ајнховен и Талин и би било добро да продолжат да оперираат и во иднина.

Важна улога во напорите за зголемување на бројот на туристи имаат и меѓународните саемски манифестации на кои Агенцијата за промоција на туризмот редовно го промовира Охрид како атрактивна дестинација.

Градоначалникот на Општина Охрид, истакна дека во општинскиот Буџет за 2020 година, за развој на туризам, предвидени се 18 милиони денари и општината изработува нова стратегија за развој на туризмот, планирана е подготовка на маркетинг план за туристичка дестинација, а постапката за изработка и редизајнирање на комплетно нов современ промотивен материјал е во тек.

Министерот за транспорт и врски м-р Горан Сугарески информира дека се реализирани сериозни инфраструктурни проекти изминатиот период, дел преку Министерството за транспорт и врски и дел преку Јавното претпријатие за државни патишта (во тек е постапка за јавна набавка за изведба и реконструкција на линиски инфраструктурни објекти за фекална атмосферска и водоводна мрежа на улицата „Абас Емин“ и кон крајот на март или почетокот на април 2020 година ќе биде комплетно завршена)

Исто така, истакна дека сериозна сума на средства ќе се одделат согласно кредитот од Светска банка за локални патишта и ги повика градоначалниците на општините: Охрид, Струга, Ресен, Вевчани и Дебрца, да ги доставуваат побрзо, проектите кои ќе бидат доставени во Светска банка на одобрување.

Од проектите што се од посебен интерес за граѓаните на Охрид, министерот за транспорт и врски потенцираше дека се планира и започнување на државниот дел на гасоводот Кичево – Охрид и делот на Битола – Охрид.

Исто така министерот за транспорт и врски истакна дека исклучителен успех за општината во авиосообраќајот е воспоставувањето на нови директни линии од Виена, Малме, Милано, Дортмунд и Меминген.

Министерот за транспорт и врски истакна дека со помош на Светската банка, средствата од ТАВ, програмите на Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта, не само за Охрид, ќе има сериозна поддршка за целиов регион за имплементација на голем дел на проекти.

Министерот за финансии д-р Нина Ангеловска ги информираше членовите на Владата и градоначалникот на Општина Охрид дека во однос на наплатата на приходите Општина Охрид има висок процент, односно 94,5% реализација на приходи од минатата година, а 94% реализација на расходната страна.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

- Министерството за транспорт и врски кон крајот на март 2020 година да започне со реализацијата на Проектот за реконструкција на линиски инфраструктурни објекти за фекална, атмосферска и водоводна мрежа на улицата „Абас Емин“ во Општина Охрид.

Исто така, Општина Охрид да продолжи со реализација на проектите а Владата ќе продолжи со поддршка за нивна реализација.

Градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко се заблагодари за успешната соработка со Владата во многу области од значење за Општината и како прашања од особено значење за Општина Струга посочи неколку тековни и идни проекти.

Градоначалникот на Општина Струга се осврна на формираната Комисија за природно и културно наследство во врска со УНЕСКО и ги образложи преземени мерки на Општина Струга (во соработка со Комисијата), за изработка на планот за природно и културно наследство на Република Северна Македонија.

Во извештајот кој Општина Струга го доставила до Комисијата за природно и културно наследство за заштитената границата помеѓу Охридското Езеро градоначалникот истакна дека помеѓу Охрид и Струга  има 36 објекти кои се бесправно изградени за што постои и документација која е издадена од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и за истите истакна дека само 18 од тие објекти се урбани а другиот дел се објекти кои немаат вредност и дека од тие објекти нема ниту еден објект кој е изграден, со некој тежок градежен материјал и кој би создавал некаков проблем во самата заштита на Охридското Езеро.

Исто така, истакна дека Општина Струга се залага за заштита на брегот на Езерото и помага Охрид како град на УНЕСКО кој е под заштита на УНЕСКО, да продолжи и понатаму да остане таков.

За разлика од Охрид кој е концентриран на Охридскиот брег во целост, градоначалникот истакна дека Струга во поголемиот дел на крајбрежјето нема објекти освен населените места кои се изградени во минатото, како што се Калишта и Радожда за кои слободно може да се каже дека не го загадуваат Езерото, освен делот на Радожда кој има многу мала популација односно малку население.

Во врска со  Планот за природното и културно наследство кој е изработен од Комисијата за природно и културно наследство градоначалникот истакна дека е прифатлив во еден дел, а дел  е на штета за одржливиот развој на градовите кои гравитираат околу Езерото, особено Струга, која што може да претрпи непоправлива штета.

Во врска со легализацијата на бесправно изградените објекти градоначалникот предложи да се продолжи рокот до 2023 година потенцирајќи дека Општината имала шест месеци мораториум а  според актуелниот Закон,  целата легализација

треба да заврши во 2021 година. Исто така истакна дека треба да се почитува актуелниот Закон - 50 метри од брегот на Охридското Езеро да нема градење.

Градоначалникот истакна дека треба да се дефинира издавањето на концесии за стопанисување со плажите (до сега Министерството за транспорт и врски ги издава дозволите а општината ги продолжува на актуелните концесионери).

Градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко ги информираше членовите на Владата со проблемот околу сместувачките капацитети и истакна дека општина Струга има потреба од најмалку 3-4 илјади нови легла за потребите на туризмот и воедно изградба на 10 нови хотели за што побара помош од Владата на Република Северна Македонија.

Исто така, градоначалникот го истакна децениските проблем кој го има Општина Струга со заштитата на животната средина и побара од Владата да одреди легална депонија за складирање на отпадот во Општината.

Како претседател на Регионалниот совет на Југозападниот Регион, каде гравитираат девет општини, Охрид, Струга, Дебрца, Вевчани, Дебар, Кичево, Пласница, Македонски Брод и Центар Жупа го истакна проблемот со имплементацијата на Законот за еднаков регионален развој бидејќи средствата што се издвојуваат за ова се многу мали.

Исто така, градоначалникот на Општина Струга го истакна прашањето за туристичките развојни зони во делот на Струга кои Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот треба да ги менаџира.

Градоначалникот на Општина Струга истакна потреба за нова болница која би прераснала во регионална болница и за чија изградба е потребна соодветна согласност од Министерството за транспорт и врски. Исто така го потенцираше и проблемот со недостиг на градинки каде околу 500 деца имаат проблем со запишувањето во истите.

Градоначалникот побара Домот на културата да и припадне на Општината, а од Министерството за внатрешни работи побара помош во организирање на полицијата во Струга. .

Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески истакна дека преку Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта се реализирани проекти и дополнително околу 900 илјади евра се предвидени во делот на локални патишта, како и дека се изградени одредени секундарни мрежи на фекална канализација, се работи за изградба на централен цевковод и дополнително преку ЈП за државни патишта има сериозни проекти кои што се реализираат и изрази надеж дека во наредниот период ќе се продолжи со иста динамика и му укажа на градоначалникот на Општина Струга сите проекти поврзани со локални патишта побрзо да ги доставaт до Министерството.

Во делот на урбанистичките планови, истакна дека пред мораториумот да биде, покрај согласноста што ја дава Министерството за транспорт и врски, треба согласност да даде и Комисијата при УНЕСКО и дека тоа е една од причините што еден од тие планови е задоцнет.

Во делот на измените во Законот за градежно земјиште кои што се однесуваат во делот на плажите истакна дека целта е колку што може Министерството да помогнеме во стопанисувањето во оваа област.

Градоначалникот го посочи проблемот кој го има Општината со напуштена барака која се наоѓа помеѓу Државниот инспекторат за труд и Основното училиште „Вера Циривири - Трена" и побара од Владата во најкус рок да биде решен тој проблем со тоа што истиот ќе биде срушен.

Министерот за животна средина Насер Нуредини во врска со проблемот со депониите истакна дека во крајна фаза е студијата за поддршка каде се разгледува можноста за спојување на двата региони со Пелагонискиот регион за да има една депонија за овие два региони, а ќе бидат со различни станици.

Министерот за економија Крешник Бектеши во врска со капацитетите за сместување на езерското крајбрежје во општините Охрид и Струга, со оглед на зголемениот број на туристи во Република Северна Македонија, а особено во овие општини истакна надлежните институции веднаш да започнат да постапуваат а како приоритети да ги имаат сите планови што се доставуваат од страна на Општина Струга и од Општина Охрид.

Што се однесува до слободните развојни туристички зони, истакна дека Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е надлежна институција, но дека и Владата може во рамките на своите надлежности да придонесе за нивни развој.

Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора како претседател на Националната комисија за УНЕСКО ја истакна заложбата да се воспостави ред при градењето на објектите покрај езерското крајбрежје, со цел да се заштити културното наследство.

Министерот за култура, Хусни Исмаили по повод барањето на градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко за отстапување на Центарот за култура истакна дека ова е сложен процес и потребна е анализа и дека во тек е постапка, во соработка со Министерството за локална самоуправа во однос на децентрализација на централната власт на културните институции.

Министерот за финансии д-р Нина Ангеловска ги информираше членовите на Владата и градоначалникот на Општина Струга дека во однос на наплатата на приходите Општина Струга има висок процент (94 %).

Градоначалникот на Општина Ресен Живко Гошаревски се заблагодари за успешната соработка со Владата во многу области од значење за Општината и како

прашања од особено значење за Општина Ресен посочи неколку тековни и идни проекти.

Како град на јаболкото градоначалникот ги поздрави сите мерки и активности кои Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги презема во една од најтешките години за овоштарите.

Исто така, градоначалникот истакна за позитивните ефекти кои би се добиле со планот на Владата за изградба на откупно дистрибутивен центар во Ресен во однос на решавање на најголемиот проблем на производителите на јаболки т.е пласманот и складирањето.

Градоначалникот истакна дека би било добро дел од финансиските средства кои ќе бидат предвидени за уредување на просторот каде што ќе се гради откупно дистрибутивниот центар да бидат вложени во зона (зелена зона), согласно Законот за ТИРЗ која ќе биде наменета и за други инвеститори кои би инвестирале во лесна преработувачка индустрија.

Во поглед на инфраструктурата, градоначалникот се заблагодари за досега реализираните проекти во Општина Ресен, како и за проектите кои се предвидени во Програмата за 2020 година (канализациски мрежи, пречистителни станици, асфалтирање на локални патишта и др.).

Во врска со овие проекти истакна дека Општина Ресен веќе има аплицирано во Министерството за транспорт и врски и дека очекува голема активност оваа година.

Исто така, градоначалникот на Општина Ресен Живко Гошаревски, ги информираше членовите на Владата дека Општина Ресен оваа година е влезена во Програмата за подготвување на проектна документација за обиколницата што е предвидена да се изгради, со оглед на тоа дека овој проект е од особено значење за градот.

Градоначалникот истакна дека во завршна фаза е постапката околу санирање на свлечиштето и наскоро започнување на градежните работи и апелираше за што побрзо отпочнување на истото.

Искажа благодарност на министерот за локална самоуправа за добрата соработка која ја имаат и преку која се реализирани голем број на проекти, како што е реконструкција и адаптација на градскиот пазар и истакна дека очекува во наредниот период реализација и на други проекти, преку Бирото за регионален развој за кои Општина Ресен има аплицирано.

Градоначалникот изрази благодарност и на Министерството за здравство и истакна дека се очекува наскоро да започне големата капитална инвестиција, реконструкција и адаптација на ЈЗУ Специјализираната болница за превенција лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски

заболувања во Отешево, со што би се подобрил и зголемил медицинскиот туризам во Преспа.

Информираше и дека Општината со помош на Министерството за труд и социјална политика ќе започне со изградба, адаптација и реконструкција на нова градинка, со капацитет за 120 деца во централното градско подрачје.

Исто така, градоначалникот на Општина Ресен се заблагодари на Министерството за финансии и го истакна успешното реализирање на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП 2, преку кој што во моментот се реконструираат комплетно трите централни градски улици и како резултат на таа Програма општината очекува грант каде е предвидена реконструкција на две оштетени училишта.

Градоначалникот истакна дека очекува од Министерството за култура поактивно да се вклучи околу конзервативните активности на црквата „Св. Ѓорѓи“ – с. Курбиново, изградена во 1191 година (XII век) која е од национално и меѓународно значење и активностите околу санирање на Ресенскиот сарај, како еден од најрепрезентативните објекти градени во Република Северна Македонија.

Во поглед на граничниот премин со Република Грција „Маркова Нога“, градоначалникот на Општина Ресен и неговото учество во Работната група, преку Министерството за внатрешни работи изрази оптимизам дека и покрај малиот застој, согласно разговорите со претставниците на Република Грција за нивно активно вклучување и најавената работна средба во Република Грција, на почетокот на мај 2020 година на која би се усвоил правилник, би се одредила динамика и би се отпочнало со активности, со цел успешно завршување на овој проект, кој е од големо значење, како за Општина Ресен, така и за целиот регион и ќе претставува едно ново поглавје во односите на двете држави.

Исто така го поздрави активното учество на Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспората кој е координатор на Работната владина министерска група и информираше за Програмата на Европската Унија и нивните планови околу Општина Ресен и Преспа, како и за веќе преземените и договорени на почетокот на март активности на Општината, заедно со Никола Бертолини, шеф на одделот за соработка при Делегацијата на ЕУ во Скопје, после кои се очекува дефинирање на финансиите и планот околу реализација на проектите.

Градоначалникот на Општина Ресен Живко Гошаревски, ги информираше членовите на Владата за една од најголемите загуби на водата во Преспанското Езеро, што се случува во овој момент а за кое граѓаните се информирани преку средствата за јавно информирање, преку социјалните мрежи, и истакна дека ситуацијата е алармантна и за истата апелираше до Владата да го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да формира работна група во која ќе бидат вклучени сите надлежни институции и експерти кои ќе направат увид во ситуацијата во однос на водата од Преспанското Езеро, но и ќе предложат мерки и активности со цел да се заштити нашето природно богатство.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски истакна дека за решавање на проблемот со откупните дистрибутивни центри потребно е да се донесе Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, а со кој еден дел од средствата (околу 30 милиони евра) влегуваат за изградба на откупно дистрибутивните центри во Република Северна Македонија, со цел апсорпција на примарното земјоделско производство.

Во врска со проектот – конзервација на црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново министерот за култура, Хусни Исмаили истакна дека од 2013 година, се работи на овој проект и досега се вложени над 6 милиони и 300 илјади денари.

Информираше дека во тек е поднесување на коригираниот Проект на административно одобрување од страна на Управата за заштита на културното наследство, со оглед на тоа што претставува многу сложен процес и дека во текот на изведувањето на работите се појавуваат нови проблеми и поради што беа потребни многу истражувања и хемиски анализи.

Во врска со Ресенскиот Сарај информираше дека ќе се има предвид, со оглед на тоа дека претставува значаен објект.
Министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини во врска со проблемот намалувањето на водата во Преспанското Езеро истакна дека ќе се формира работна група, во која ќе има членови и од Република Грција и од Република Албанија, со цел заедно да се изнајде решение за проблемот.

Градоначалникот на Дебрца Зоран Ногачески искажа благодарност за поддршката за реализацијата на проектите за Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти.

Во однос на проектите истакна дека Општината реализирала повеќе проекти од различни програми (од Програмата за регионален рамномерен развој, Програмата за специфични развојни подрачја, Програмата за развој на селата кои се од животно значење за граѓаните на Општина Дебрца).

Исто така потенцираше за реализација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП, каде со средствата од Европската Унија, Општината набавила механизација за Јавното комунално претпријатие во вредност од преку 200 илјади евра што претставува значајна поддршка за Јавното комунално претпријатие, односно за неговите потенцијали и капацитети.

Како капитална инвестиција ја истакна изградбата на делницата од Кичево до Охрид која во најголемиот дел поминува низ Општина Дебрца.

Во делот на земјоделството градоначалникот истакна дека Општина Дебрца е општина со претежно земјоделско производство и потенцираше во тој дел од Државата да се разгледа можноста за отворање на откупно дистрибутивни центри

особено во делот на населените места кои гравитираат околу поранешната Општина Мешеишта, село Мешеишта во Општина Требениште, со оглед на големиот број на овошни насади во овој регион.

Градоначалникот истакна дека постои проблем со најзначајниот воден ресурс за површината на Општина Дебрца, Слатинското Езеро, кое со средства од Европска Унија и менаџирање од УНДП е ставено во функција после напукнувањето на земјената брана, и излевањето на истото, меѓутоа не е решен проблемот со чистењето на дното на езерото кој дополнително е влошен во последните години со нараснувањето на вегетацијата.

Исто така истакна дека на Слатинското Езеро веќе се внесени и одредени туристички содржини и дека има процес на урбанизација на истото.

Градоначалникот информираше и за проблемот на Општината во врска со процесот на урбанизацијата на територијата на Општина Дебрца и апелираше до Министерството за транспорт и врски за побрзо завршување на постапките за истото, со оглед на тоа што Општината има постапки за урбанизација кои се започнати уште во 2014 година, а кои сеуште не се решени.

Во однос на тоа што дел од Општината влегува во делот на заштитеното светско природно и културно наследство на УНЕСКО, градоначалникот апелираше до членовите на Владата за помош за решавање на проблемот со реката Сатеска и за решавање на проблемот со фекалните канализации во населените места кои гравитираат околу Езерото, со оглед на тоа што отпадните води од тие места одат директно во колекторот.

Градоначалникот, во врска со проектот Изложба „100 години Требениште", а со оглед на тоа што Археолошкиот локалитет „Требениште" се наоѓа на територијата на Општина Дебрца укажа на забелешка за претходниот министер за култура и за Општината во однос на активностите од минатата година од аспект на недоволната информираност и за тоа каде се наоѓа некрополата и Калето.

Градоначалникот информираше дека во врска со овој проект Општината има подготвено проект за реконструкција на Културниот дом во село Требениште и негово претворање во своевиден изложбен центар на Требенишката некропола, и дека побарани се средства од Програмата за капитални инвестиции и од Министерството за култура кои не се одобрени и укажа на разбирањето на Општината во однос на ограничените средства за ваквите проекти, а апелираше на разбирање од страна на Министерството за култура и Владата кога станува збор за проекти поврзани со настани како овој, кој беше еден од тие кои ја одбележа Република Северна Македонија во делот на културата во 2019 година.

Градоначалникот на Општина Дебрца истакна дека Општината има изработено урбанистички планови за две локации од по околу 25 хектари (вкупно 50 хектари), за фотонапонски централи, кои би произведувале околу 25 мегавати електрична енергија, меѓутоа како проблем го посочи изнаоѓањето на потенцијални

инвеститори за тие централи, и посочи Министерството за економија, како надлежно министерство, во соработка со АД ЕСМ и АД МЕПСО да помогнат да се изгради потребната преносна мрежа со цел издавање на локациите за таа намена.

Исто така градоначалникот побара од Министерството за финансии да не им се скратуваат средствата на помалите општини како што е Општина Дебрца со веќе предвидени во Буџетот.

Министерот за транспорт и врски м-р Горан Сугарески информираше дека во делот на користењето средства од старата транша на ЕИП (Единицата за имплементација на проекти), Министерството за транспорт и врски помогна на голем дел на општини, каде што има проблем во делот на проектите и напомена дека и проблемот со Општина Дебрца ќе биде решен, но истакна и дека делот на одобренијата за градби и други работи ги издаваат општините, и врз основа на тоа се реализираат проектите во тие општини.

Министерот за транспорт и врски објасни дека одредени проблеми во врска со проектите се јавуваат во друг дел (како во делот на пополнување на прашалници, делот во кој  консултанти од банката го разгледаат и оценуваат проектот и др.) и врз база на тоа се наоѓаат одредени забелешки.

После коригирање, согласно забелешките проектите одат на одобрување во банката, за веднаш после одобрувањето Министерството да ги спроведе.

Информираше дека голем дел вакви проекти и тендери за нив се веќе распишани, и изрази надеж за распишување/тендерирање на проектот за Општина Дебрца во најкус временски период.

Исто така министерот за транспорт и врски укажа дека со новиот Закон за урбанистичко планирање најголеми олеснувања се предвидени во делот на урбанизирање на селата, и напомена дека е даден рок на прилагодување од четири месеци, со што би се решиле најголем дел од проблемите.

Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора во врска со проблемот на Општина Дебрца во врска со реката Сатеска информираше дека истата е дел од препораките и на УНЕСКО и дека во соработка со УНДП се работи за враќање на стариот тек на река Сатеска, меѓутоа дека тоа е подолг процес кој не би се решил за толку брзо време.

Градоначалникот на Вевчани Сашо Јанкоски на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата на неколку проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за останатите тековни проекти.

Притоа, истакна и дека преку Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска и проекти од единиците за локална и регионална

конкурентност, заедно со Светска банка, во општината се гради туристички центар „Вевчани“ и дека тој проект е вреден околу еден милион евра.

Исто така градоначалникот на Општина Вевчани информираше дека преку Министерството за животна средина и просторно планирање и УНДП ја гради пречистителна станица во Општината со вредност од околу 360 илјади евра, како и дека преку Министерството за локална самоуправа се гради патот пред општинската зграда и други локални улици.

Информираше дека преку Министерството за транспорт и врски, односно преку ЈП за државни патишта се гради обиколницата околу Општина Вевчани, а преку Министерството за финансии односно со Проект за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој  во сите објекти на ниво на Општина Вевчани се поставени фотоволтаици.

Во врска со познатиот Вевчански карневал, градоначалникот истакна дека Општина Вевчани не е во можност сама да го финансира овој проект, скромниот буџет на Општината и апелираше до Владата и Министерството за култура да ги зголеми средствата за таа намена, со што тој репрезентативен карневал би го добил своето вистинско лице.

Минатата година, од побарани два милиони денари Општината добила 50% или околу милион денари и информираше дека уште еден милион денари за Општина Вевчани се навистина огромна сума да ги обезбеди.

Со оглед  дека Општина Вевчани можеби е единствената општина во која не е распределено земјоделското земјиште градоначалникот апелираше до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство тоа што поскоро, во корелација со Општина Вевчани да се подели.

Градоначалникот, во врска со управување со споменикот на природа „Вевчански извори“, кој од 19 септември 2019 година Министерството за животна средина и просторно планирање го предал на Општината, ја информираше Владата и Министерството за животна средина и просторно планирање дека не е во можност да го финансира Општината и апелираше до Владата, барем во првите неколку години, додека да се воспостави управувањето со ова значајно подрачје, истото да биде финансирано од Владата.

Градоначалникот даде предлог Министерството за локална самоуправа, во соработка со Министерството за финансии да предложат соодветни промени во Законот за локална самоуправа со кои општините како што е Вевчани, каде што наплатата од своите приходи се движи меѓу 90% и 100%, а нема други дополнителни приходи од концесии и сл., да има грантови за награда за успешност, со оглед на тоа што 90% од буџетот на Општина Вевчани е наменет за плати на администрацијата

По овој повод Владата констатира и заклучи:

- Претседателот на Владата на Република Северна Македонија во име на Владата им се заблагодари на градоначалниците за учеството на Владината седница, изрази надеж дека ќе бидат изнајдени одредени заеднички заклучоци, што ќе помогнат посебно на овој регион за дополнителен развој.

- Плановите на Владата се насочени кон развојот на Југозападниот Регион во делот на инфраструктурата и во други проекти, се со цел добивање едно повисоко ниво на развој и подобрување на условите не само за жителите, туку и услови за туризам и се тоа што е потенцијал во овој дел.

- Се задолжуваат ресорните министерства и институции да ја разгледаат можноста за изнаоѓање соодветни мерки и решенија за надминување на отворени прашања изнесени во расправата на седницата на Владата, во врска со проектите и активностите на овие општини.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за присуството на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претседателот на Националната комисија за УНЕСКО да формира работна група од претставници на Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Општина Охрид, Општина Струга, Општина Дебрца, Управата за заштита на културното наследство и Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид, која во рок од 10 дена ќе изработи предлог-решение за усогласување на режимите на заштита на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион (2020-2029) и за истото да ја информира Владата.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да формира работна група од претставници на Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за катастар на недвижности, Општина Охрид, Општина Струга, Општина Дебрца, Управата за заштита на културното наследство и Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид, која во рок од 10 дена да изработи акциски план за постапување по Инвентарот за бесправно изградени објекти и спроведување на соодветните студии и за истото да ја информира Владата.

3. Се препорачува на Советот на Општина Охрид, Советот на Општина Струга и Советот на Општина Дебрца да ги продолжат одлуките за времен мораториум донесени во август 2019 година, се до усогласување на постоечките планови со режимите за заштита од Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029).

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да формира работна група од претставници од ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-

Скопје, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура, која во рок од 10 дена, да изработи техничка спецификација за анализа на потенцијалната алтернативна железничка рута, предложена во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2017 година.

По претходно мислење од УНЕСКО, техничката спецификација да биде доставена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со цел отворање на тендерска постапка, а во согласност со Заклучокот од 169-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2019 година, донесен во делот на пред преминување на дневниот ред.

## Точка 4

Владата ги разгледа и ги усвои Информацијата за извршен инспекциски надзор на изградба на градби од прва категорија на подрачјето на општините Охрид и Струга и Информацијата за преземените активности на овластените градежни инспектори за наведените подрачја.

## Точка 5

Владата го разгледа Извештајот за утврдена состојба на бесправно доградените објекти во Старата Скопска чаршија и притоа заклучи:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам дополнително да направи контрола на терен за да ги нотира отстапувањата во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска чаршија и до Владата да достави нов извештај.

2. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности до Владата да достави карта/подлога од која ќе може да се утврди границата на Старата Скопска чаршија, како и заштитеното јадро, со цел компарација со новиот извештај за утврдена состојба на бесправно доградените објекти во Старата Скопска чаршија.

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Збирниот извештај за настанатите штети од елементарните непогоди кои ги зафатија општините Василево, Гази Баба, Могила и Прилеп и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои предлогот на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди дека штетите во општините Могила и Прилеп, не претставуваат штети од поголем обем.

2. Го усвои предлогот на Комисијата дека штетите во општина Гази Баба не ги исполнуваат законските услови.

3. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за парична помош во висина од 15% од износот на проценетата штета, на општините Василево, Могила и Прилеп наведен во Табела 1.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница.

4. Се препорачува на општините Василево, Могила и Прилеп во рок од 30 дена од добивање на средствата да подготват и достават извештај за распределба на средствата до Владата и до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата со тарифници на основачот на технолошките индустриски развојни зони на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на технолошките индустриски развојни зони, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1“ (нов текст),

2. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“ (нов текст),

3. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“ (нов текст),

4. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“ (нов текст),

5. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица“ (нов текст),

6. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово“ (нов текст),

7. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“ (нов текст),

8. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево“ (најнов текст),

9. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево“ (најнов текст),

10. Одлуката за давање согласност на тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“ (нов текст),

11. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“ (нов текст) и

12. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“ (нов текст), во предложените текстови.

**Точка 8**

Владата по новиот текст на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“, Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење „АГРО-БЕРЗА“, Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување на одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за проектирање на државен пат А1, делница Прилеп - Ленишка река на ниво на нов експресен пат и реализација на проектот во рамки на ИПА 2 (СОПТ 2014-2020) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да продолжи со активностите за проектирање нов експресен пат А1, делница Прилеп - Ленишка река во должина од 2,9 км и истиот да биде изработен најдоцна до крајот на февруари 2020 година.

2.Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта до Министерството за транспорт и врски да достави ревидиран Образец за идентификација на проекти за нов експресен пат Прилеп - Ленишка река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица - каменолом „Маврово“ во рок од три дена по усвојување на оваа информација.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по добивањето на ревидиран Образец за идентификација на проекти за Изградба на нов експресен пат Прилеп - Ленишка река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица - каменолом „Маврово“ од страна на Јавното претпријатие за државни патишта, истиот во рок од три дена да го достави до НИПАК (Секретаријат за европски прашања).

4.Се задолжува НИПАК по добивањето на ревидиран Образец за идентификација на проекти за Изградба на нов експресен пат Прилеп - Ленишка река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, г. Беловодица - каменолом „Маврово“ од страна на Јавното претпријатие за државни патишта, истиот во рок од три дена да го достави на одобрување до Делегација на Европската унија.

5. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да изработи тендерска документација за градежни работи за проектот за Изградба на нов експресен пат Прилеп - Ленишка река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, г. Беловодица - каменолом „Маврово“ и истата да ја достави до Министерството за транспорт и врски најдоцна до крајот на  март 2020 година.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски тендерската документација за градежни работи за проектот за Изградба на нов експресен пат Прилеп - Ленишка река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, г. Беловодица - каменолом „Маврово“, да ја достави до Министерството за финансии - CFCD, во рок од 10 дена по добивање на истата од Јавното претпријатие за државни патишта.

7. Се задолжува Министерството за финансии - CFCD тендерската документација за градежни работи за проектот за Изградба на нов експресен пат Прилеп - Ленишка река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, г. Беловодица – каменолом „Маврово“, да ја достави на одобрување до Делегација на Европската унија, во рок од 10 дена по добивање на истата од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за користење на неповратни средства за техничка помош преку Кредитната банка за обнова КфВ, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии во соработка со АД „ЕСМ" да се обрати до КфВ банката со барање за доделување на грант средства/техничка помош, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија, за подготовка на потребната документација за проектите: Ревитализација на 6-те големи хидроелектрани - III фаза и Реконструкција и модернизација на Комплекс Енергетика и согледувања за соларна топлификација Битола, со напомена дека зависно од резултатите и препораките од изработените документи, Владата ќе одлучи дали, кога и од кои извори на средства ќе се финансира имплементацијата на овие проекти.

## Точка 13

Владата го донесе новиот текст на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот- Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во н.м. Црнилиште, Општина Долнени и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во н.м. Црнилиште, Општина Долнени.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт за реализација на Проектот за реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во н.м. Црнилиште, Општина Долнени, да ги обезбеди потребните средства во висина од 3.000.000,00 денари во рамки на сопствениот буџет за 2020 година.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - решение за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на архивите од Анексот Г (Анексот Д) на Спогодбата за прашања на сукцесија, ја усвои и го донесе Решението за назначување на претставник на

Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на архивите од Анексот Г (Анексот Д) на Спогодбата за прашања на сукцесија, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, (ДП бр.03-668/19, Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со барање за овластување на Општина Кавадарци за самостојно решавање на состојбата од областа на управување со отпад на подрачје на Општина Кавадарци и заклучи да не ја усвои Информацијата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на потреба за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес од локално значење – изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура предвидена со ДУП за дел од УБ 11.01 и УБ 11.05, со Предлог – одлука не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за давање согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес од локално значење – изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура предвидена со ДУП за дел од УБ 11.01 и УБ 11.05, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог - мерки за подобрување на рангот кај индикаторот плаќање даноци во Извештајот „Doing business“, со Акциски план и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии-Управа за јавни приходи да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на предлог-мерките наведени во Акцискиот план за подобрување на состојбите кај индикаторот Плаќање даноци во извештајот „Doing Business“ на Светска банка, до крајот на април 2020 година.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници м-р Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за акредитација на „Единица за имплементација на проекти од ИПА II при Јавното Претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје“, како дел од Оперативната структура за Секторска оперативна програма за транспорт 2014-2020 и го усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, а се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, во функција на Национален ИПА координатор, Министерството за финансии (ЦФЦД) и Министерството за транспорт и врски да го потпишат Оперативниот договор за ИПА II според веќе утврдениот текст на Договорот доставен во акредитацискиот пакет до ЕК а кој е во согласност со постојниот систем и одредбите од Рамковната спогодба, Финансиската спогодба, Оперативната програма и Уредбата за ИПА II, најдоцна до 14 февруари 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во координација со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, да ја финализираат ИПА апликацијата за големиот проект за изградба на железничката пруга на секцијата Крива Паланка – Република Бугарија и истата да ја достават до Националниот ИПА координатор, најдоцна до 20 февруари 2020 година.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, во функција на Национален ИПА координатор да ја достави ИПА апликацијата за големиот проект за изградба на железничката пруга на секцијата Крива Паланка – Република Бугарија, откако Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници -

Скопје ќе го потпише Оперативниот договор за ИПА II и Прирачникот за постапки за работа за ИПА II, согласно постојниот систем и одредбите од Рамковната спогодба, Финансиската спогодба, Оперативната програма и Уредбата за ИПА II, а најдоцна до 25 февруари 2020 година.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за еднostран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Тработивиште“ - Делчево бр.42-6789/1 од 12.8.2014 година склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Ловечкото здружение „Острец“ – Делчево, со Предлог - одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Тработивиште“ во ловен реон Делчево и Предлог - одлука за давање на присилна концесија на дивечот во ловиштето на Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост „Национални шуми“ - Скопје, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Тработивиште“ во ловен реон Делчево (најнов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.7 „Тработивиште“ во ловен реон Делчево (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа најновиот текст Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Зелениково“ - Скопје со кое управува концесионерот Друштво за лов, трговија и услуги „Форестер Хантинг Агенси“ од Скопје, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на договорот и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за еднostран раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Зелениково“ во ловен реон Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.12 „Зелениково“ во ловен реон Скопје, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог - одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Св.Николе,

Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, за наредната седница на Владата, поради потребата Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата бр.2 „Копришница“, бр.5 „Рожден,“ бр.1 „Сараево“, бр.2 „Ратевска река“, бр.3 „Палазлија“, бр.4.„Џами тепе“, бр.6 „Чифлик“ и бр. 4 „Велешта“ да стане конечна и правосилна.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце“-Скопје (клучка „Стенковец“), подделница 1-проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце“ до с. Блаце до ниво на автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце“-Скопје (клучка „Стенковец“), подделница 1-проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце“ до с. Блаце до ниво на автопат со клучка  за поврзување со локален пат до с. Блаце КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Б3–големи угостителски единици, КО Челопек - вонград, општина Брвеница, со Предлог – одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Б3–големи угостителски единици, КО Челопек-вон град, Општина Брвеница, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги „Еригон Голд“, ДОО увоз-извоз Росоман, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги  „Еригон Голд“, ДОО увоз-извоз Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе

Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДППУ „Агроградомак", ДООЕЛ с. Р 'жаничино О.Петровац, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за покачување на платата на овластени службени лица во Шумската полиција за некоја од наредните седници на Владата.

## Точка 32

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2018 година.

## Точка 33

Владата повторно ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река, со Предлог - текст на претквалификациска документација, Јавен повик, Предлог - одлука и Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање и притоа констатира и заклучи:

1. Го прифати Известувањето на Министерството за животна средина и просторно планирање и констатира дека Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река е донесена на седницата на Владата, одржана на 4 февруари 2020 година.

2. Го одобри Предлог - текстот на претквалификацискиот документ за првата фаза од постапка за доделување на договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на хидроелектрични централи на Црна Река.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија за ко-

финансирање на големиот инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Битола, со текст на Билатерален договор и Анекс и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија за ко-финансирање на големиот инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Битола.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на корисникот на ИПА II, да го потпише Билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија за ко-финансирање на големиот инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Битола.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување Анекс-договор број 2 на Договорот за проектот - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година, со текст на Анекс-договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс-договорот број 2 за спроведување на проектот - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарската конфедерација.

2. Се овластува Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, најдоцна до 12 февруари 2020 година, да го потпише Анекс-договорот за спроведување на проектот - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарската конфедерација.

**<u>Точка 36</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување Договор за реализација на проект од Зелениот климатски фонд со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за реализација на проектот од Зелениот климатски фонд: Зајакнување на националните капацитети за прилагодување и ублажување на климатските промени и финализирање на националната Работна програма на Република Северна Македонија.

2. Се овластува Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд (Focal Point) да го потпише Договорот за реализација

на проектот: Зајакнување на националните капацитети за прилагодување и ублажување на климатските промени и финализирање на националната Работна програма на Република Северна Македонија.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето за пренос на удел во концесионерот Хидро Еко Инженеринг ДООЕЛ Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од Друштвото Хидро Еко Инженеринг ДООЕЛ Скопје на Друштвото „Феро Инвест“, ДОО Скопје во концесионерот „Хидро Еко Инженеринг“, ДООЕЛ Скопје, доколку Министерството за економија го достави Договорот за концесија, согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии, а Министерството за финансии достави ново позитивно мислење по материјалот.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесено од хотел „Макпетрол“, Струга, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Макпетрол“, Струга со седиште во нас. „Елен Камен“, Струга, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Макпетрол“, Маврово (хотел „Макпетрол“, Маврово со седиште во с. Маврово, Маврово и Ростуша, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди) со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Модерн Инн“, Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Модерн Инн“, Скопје, со седиште на ул. „Фредерик Шопен“ бр. 10 Скопје), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Два бисера“, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на

угостителски објект (хотел „Два бисера“, со седиште во нас. „Лагадин“ бб, Охрид, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Империал“, Струга (со седиште на ул. „Партизанска“ бр.15, Струга, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Буџак 91 Емаа“, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Интернационал“, Велес (за угостителски објект хотел „Интернационал“, Велес, со седиште на ул. „8-ми Септември“ бр.40 Велес, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлог - законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против криумчарење мигранти (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Набавка на хардвер и софтвер за системот „Централен регистар на население“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на хардвер и софтвер за системот „Централен регистар на население", во вкупна вредност од 30.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 5.000.000,00 денари во 2020 година и
- 25.000.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на системот „Централен регистар на население“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка за одржување на системот „Централен регистар на население“, во вкупна вредност од 8.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 4.000.000,00 денари во 2020 година и
- 4.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на платформата за електронско давање на услуги (eSDP) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на Одржување на платформата за електронско давање на услуги (eSDP), во вкупна вредност од 9.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 4.500.000,00 денари во 2020 година и
- 4.500.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија кон ISA2 програмата со Извештај за завршеното усогласување на содржината на Договорот, со текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата ISA2.

2. Се определува министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата ISA2.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за превентивно и адаптивно одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSYS) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на превентивно и адаптивно одржување на системот за плаќање на таксени марки преку СМС (eNAPSYS)), во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 600.000,00 денари во 2020 година
- 600.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за „Одржување на LMS (Систем за управување со учењето)“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на Одржување на LMS (Систем за управување со учењето), во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 600.000,00 денари во 2020 година
- 600.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одржувањето на втората сервисна магистрала од платформата за Интероперабилност и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на одржување на втората сервисна магистрала од платформата за Интероперабилност, во вкупна вредност од 12.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 6.000.000,00 денари во 2020 година и
- 6.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација,

за набавка на превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР, во вкупна вредност од 1.200.000 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 600.000 денари во 2020 година и
- 600.000 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од преземање на мерки и активности поврзани со Националниот портал за електронски услуги и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда – Управа за водење на матичните книги во рок од три дена да ја заврши интеграцијата на модулот за идентификација и автентикација на нивниот систем со Системот за единствена најава на Националниот портал за електронски услуги.

2. Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи во рок од десет дена да набави сертификат за електронски печат и истиот да го постави на серверот за потпишување.

3. Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи во рок од десет дена да го заврши процесот на интеграција на е-услугите Издавање на уверение за остварени приходи, Уверение за регистрација на даночен обврзник за цели на данокот на додадена вредност и Издавање на потврда за даночен резидент.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Општина Охрид, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Општина Охрид, со заклучок во член 1 од Одлуката зборовите „КО Охрид“ да се заменат со зборовите „КО Охрид 1“.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата со предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини (бироа и столови), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (нов текст), во предложениот текст и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на простории за Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење недвижни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците со заклучок текстот на истата да биде преработен и усогласен согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

Исто така, мислења по материјалот да достават Агенцијата за катастар на недвижности и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 13 февруари 2020 година во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија, за ко-претседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, Блерим Златку, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 11 февруари 2020 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 11 февруари 2020 година.

**Точка 59**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Северна Македонија за државјаните на Руската Федерација, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1721 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за измена на Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги „Еурокан земјоделие“, ДООЕЛ, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги „Еурокан земјоделие“, ДООЕЛ, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата со Национална стратегија за хемофилија и други вродени нарушувања на системот за коагулација 2020-2030 и Акциски план, за период 2020-2022, за наредната седница на Владата.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на планот за вработување на 32 здравствени медијатори за фискална 2019/2020 година во јавните здравствени установи и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и администрација да дадат согласности за изменувања и дополнувања на систематизациите на јавните здравствени установи, заради систематизирање на здравствените медијатори, согласно член 14 од Законот за вработени во јавниот сектор, во групата IV помошно-технички лица, подгрупа 5 - други помошно - технички лица, како работник со ССП - здравствен медијатор.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (книги за потребите на ЈОУ Библиотека „Феткин“-Кавадарци), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (книги за потребите на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (книги за потребите на Градската библиотека „Гоце Делчев“ Свети Николе), во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги), во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (книги), во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги), во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (книги), во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (книги за потребите на ЛУ Библиотека „Благој Јанков - Мучето“, Струмица), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги за потребите на Јавна општинска установа Библиотека „Ванчо Прке“, Виница), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (книги за потребите на Локална библиотека „Гоце Делчев“, Велес), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (книги за потребите на Општинска народна библиотека „Браќа Миладиновци“, Радовиш), во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“, Кичево, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа - Центар за култура „Браќа Миладиновци“, Струга (книги), во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги), во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Кочо Рацин“, Тетово (книги), во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги), во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги), во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги за потребите на Општинска установа Дом на културата „Драги Тозија“, Ресен), во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги), во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение Библиотека „АЛ-БИ“, с. Бабино, Демир Хисар (книги), во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги за потребите на Дом на култура „Илинден“, Демир Хисар), во предложениот текст.

**Точка 91**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги), во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата го симна од Дневен ред Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 93**

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и до Владата да достави заедничко мислење, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јули до 31 декември 2019 година и утврди позитивно мислење по истиот.

**Точка 95**

Владата го симна од дневен ред Барањето за давање на автентично толкување на член 119 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), поднесено од пратеникот Александар Филиповски.

**Точка 96**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 204 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19), поднесено од пратеникот Нола Исмајлоска-Старова и притоа го утврди следново мислење:

Со членот 204 од Законот за работните односи предвидено е дека на ниво на Република Северна Македонија можат да се склучат два општи колективни договори и тоа Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и Општ колективен договор за јавниот сектор.

Со ставот (2) од истиот член е предвидено дека Општиот колективен договор за јавниот сектор се однесува на органите на државната власт и други државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, установите, јавните претпријатија, заводите, агенциите, фондовите и други правни лица кои вршат дејност од јавен интерес.

Со членот 12, став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19) предвидено е дека здравствената дејност е дејност од јавен интерес.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата смета дека приватните здравствени установи несомнено вршат дејност од јавен интерес, поради што истите треба да го применуваат Општиот колективен договор за јавниот сектор.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да не даде автентичното толкување на членот 204, бидејќи истиот е јасен и прецизен.

**<u>Точка 97</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 76 став 1 точка 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ и притоа го утврди следново мислење:

Амандманот XXVI точката 1 од Уставот на Република Северна Македонија ги определува случаите во кои на судијата му престанува судиската функција, и кога судијата се разрешува: „поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишана со закон и поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон".
Амандманот XIX ја определува надлежноста на Судскиот совет да ги избира и разрешува судиите и судиите поротници.

Измените на Законот за судовите од 2019 година беа извршени со цел јасно дефинирање и определување на повредите кои можат да доведат до дисциплинска одговорност на судијата. При донесувањето, Законот беше целосно усогласен со препораките на Венецијанската комисија и препораките на ГРЕКО, особено во делот за градација на дисциплинските повреди и дисциплински санкции, односно

разрешувањето на судиите да биде возможно само за најсериозните видови на повреди.

Со членот 74 од Законот за судовите што се однесува на разрешување на судијата цитираните уставни одредби и препораките се целосно запазени. Имено, согласно член 74 став (1) алинејата 2 „судијата се разрешува од судиската функција поради нестручно и несовесно вршење на судската функција под услови утврдени со закон“, а согласно ставот (3) судијата се разрешува согласно цитираниот основ ако „повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на судијата без оправдани причини и ако повредата предизвикала тешки последици“. Во случај на полесен облик, на судијата може да му биде определена дисциплинска мерка.

При определувањето на дисциплински мерки задолжително се зема предвид тежината на повредата, степенот на одговорност, околностите, однесувањето на судијата, последиците од сторената повреда и претходно изречените дисциплински мерки.

Со членот 76 од Законот за судовите се дефинира поимот нестручно и несовесно вршење на судиската функција и се определуваат сите случаи кои Судскиот совет е овластен да ги цени како основ за разрешување на судијата. Точката 7 предвидува еден од случаите: „ако судијата намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата”. Оваа одредба е јасно дефинирана и од истата се подразбира основот за кој се смета дека е нестручно или несовесно вршење на судиската функција.

Од друга страна, оваа одредба е во целосна согласност со Амандман XXVII точката 1 од Уставот и член 65 ставот (2) од Законот за судовите што определува дека „Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки. Судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет на Република Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.“

Исто така, одредбата е во согласност и со член 11 ставот (1) од Законот за судовите согласно кој „Судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите” и со ставот (2) од истиот член во кој се пропишува дека „се забранува секаков облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршење на судиската функција по било кој основ и од кој било субјект.

При примената на оваа одредба, Судскиот совет е надлежниот орган кој ќе ја цени повредата. Воедно, согласно член 76 ставот (2) од Законот за судовите „претседателот на судот во рок од осум дена од денот на осознавање на сторената повреда, но не подолго од шест месеци од сторената повреда е должен писмено да го извести Судскиот совет на Република Северна Македонија”.

Од наведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 76 став (1) точката 7 од Законот за судовите е јасна, концизна и прецизна, во согласност со Уставот, согласно што нема потреба од давање на автентично толкување за наведената одредба.

## Точка 98

Владата ја разгледа Иницијативата од Катица Тасева од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.164/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19) и притоа го утврди следното мислење

Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19) е изработен и донесен по иницијатива на група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Оценувајќи ја состојбата во пракса по донесувањето на овој закон и оспоруваната одредба, Владата на Република Северна Македонија достави изменувања и дополнувања на Законот за минерални суровини со кои е изземена документацијата која треба да се достави кон барањето за експлоатација, а која беше дополнета со Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19), а истата е ставена како задолжителна документација кон барањето за издавање на дозвола за експлоатација и кон членот 96 со кој е уредена финансиската гаранција.

Поточно, техничко - технолошкиот елаборат за постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат е префрлен во член 55 од Законот, бидејќи начинот на вршењето на експлоатацијата се уредува во главниот рударски проект, кој пак се доставува кон барањето за дозвола за експлоатација. Претходното решение за доставување на овој елаборат со поднесувањето на барањето за доделување на концесијата за експлоатација беше преурането.

Исто така, проценатa за деградирање на земјиштето, рекултивацијата и ремедијацијата на земјиштето, како и планот за управување со отпад се уредени во документацијата која се доставува кон барањето за издавање на дозвола за експлоатација (главен рударски проект, решение по студијата/елаборатот за животна средина, план за управување со отпад) и за таа цел и финансиската гаранција е предвидена да се достави непосредно пред издавањето на дозволата за експлоатација.

Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини во кој се вметнати горенаведените измени е во постапка пред Собранието на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна

Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19).

**Точка 99**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.189357 за КО Драчево 2 на КП бр.2060, Имотен лист бр.192486 за КО Драчево 2 на КП 2061 и Имотен лист бр.189358 за КО Драчево 2 на КП 2062 дел 1 викано место/улица „Чупријан“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3381 за КО Бутел на КП бр.2098 викано место/улица Бара и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3391 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.6265 викано место/улица „Крсто Раковски“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 102**

Владата го разгледа Налогот од извршител Весна Деловска од Скопје за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И. бр. 2663/2018 и по истиот го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 103**

**1.** Владата на Благој Индов му утврди престанок на правото за остварување плата по престанувањето на функцијата вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, заклучно со 25.2.2020 година, поради исполнување на условите за стекнување право на старосна пензија.

**2.** Владата го именува Злате Симоновски професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, за член на Советодавниот одбор на Европа Ре.

**3.** Владата го овласти Злате Симоновски професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, за претставник на Република Северна Македонија во Акционерското собрание на Европа Ре.

**4.** Владата на Кети Василеска и утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ „Здравствен дом Гостивар", на нејзино барање.

4.1.Владата ја именува Олгица Мерџаноска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ „Здравствен дом Гостивар".

**5.** Владата од должноста членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, ги разреши:

- Бесим Небиу, член во областа „Медиуми и информатичко општество", на негово барање,
- Мимоза Богданоска Јовановска, член во областа „Наука, образование и доживотно учење"
- Јасна Мандиќ, член во областа „Заштита на маргинализираните лица" и
- Љупчо Петковски член во областа „ЕУ интеграции и политики".

5.1. Владата ја назначи Теодора Столевска, Здружение на граѓани „Младински образовен форум", Скопје, за член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации од редот на здруженија од областа „Наука, образование и доживотно учење".

**6.** Владата за членови на Одборот за акредитација на високото образование, ги именува:

- Проф. Тале Герамитчиоски
- Проф. Кристина Спасевска
- Проф. Татјана Стојановска-Иванова
- Проф. Љубица Георгиевска
- Проф. Беким Фетаи и
- Проф. Илми Јусуфи.

**7.** Владата за членови на Одборот за евалуација на високото образование, ги именува:

- Проф. Цвете Димитриевска
- Проф. Марина Митревска
- Проф. Јасмина Делчева-Диздаревиќ

- Проф. Јетмира Алимани-Јакупи и
- Проф. Метуш Сулејмани.

**8.** Владата го разреши Никола Чачов од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

8.1. Владата го именува Пеце Богдановски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

<u>Точка 104</u>

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за потребите за помош и поддршка на Република Албанија по катастрофалните земјотреси во ноември 2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, да определат свои претставници во работна група која треба да изработи план со понуда до Република Албанија за помош и поддршка во однос на јакнењето на институционалните капацитети, развој на политики и соодветни инструменти од областа на делување на секоја индивидуална институција, а што ќе се од корист за обновата на погодените региони во Република Албанија и справување со последиците од катастрофалните земјотреси. Работната група да се формира не подоцна од пет работни дена, заклучно со 17.2.2020 година, а планот да се изработи најдоцна до 25.2.2020 година.

2) Се задолжува Министерството за надворешни работи да биде надлежно за координација на работната група, како и за понатамошната комуникација со надлежните институции во Република Албанија за спроведувањето на планот и сите дефинирани активности.

**2.** По повод Известувањето доставено од Министерството за култура во врска со неможноста за реализирање на заклучокот бр.2 од 4-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21.1.2020 година, по Информацијата за владини активности поврзани со протагонистите и филмската екипа на филмот „Медена земја“, Владата заклучи:

- се задолжува Министерството за финансии да подготви Одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за протагонистите и филмската екипа на филмот „Медена земја“ (по 7.000,00 илјади евра за седум лица, во денарска противвредност).

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, гласаше против во однос на висината на доделените средства."

**3.** По повод манифестацијата „Una Saga Serbuica", мултимедијален настан по повод празникот „Сретение Господово" од значење на сите Срби, организирана од повеќе српски здруженија (Обединета српска заедница – Куманово, Српски национален совет, Здружение за негување на српски споменици во Македонија, Здружение за промоција на културно наследство на српската заедница во Македонија СРБТЕЛ, Српски културно информативен центар СПОНА, Скопје, Здружение на жени Србинки во Македонија, Коло на српските сестри, Куманово, Здружение на Срби и Македонци – КУД „Бранко Чајка"-Тетово, ЖФК/ФК Речица-Речица, Здружение за екологија и спортските активности „СРМА" – Скопје, Едукативно културен центар „НАНА" – Куманово и Здружение „Свети Сава", Српско здружение „Коштана"-Охрид и Српски културно информативен центар „Вук Караџиќ", с. Кучевиште – Општина Чучер Сандево), Владата заклучи:

- Се задолжува НУ „Македонски народен театар" да отстапи простор за одржување на манифестацијата на 16 февруари 2020 година, без надомест."

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 3 февруари 2020 година до 9 февруари 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и компанијата „Iscraemeco", со усогласен текст на Меморандум ја усвои Информацијата и го прифати текстот на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и компанијата „Iskraemeco".

**6.** По повод укажувањата на Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а во врска со малиот број на добиени пополнети анкетни листови, согласно потребата од спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор Владата ги задолжи сите министерства во улога на креатори на политики да ги достават анкетните листови до сите институции од јавен карактер, а потоа пополнети повратно да ги доставаат до Министерството за информатичко општество и администрација.

**7.** Владата ја донесе Одлуката за поништување на Решенија, во предложениот текст.

**8.** По повод одбележувањето на годишнината од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, Владата заклучи на одбележувањето кое ќе се одржи на 26 февруари 2020 година да присуствува владина делегација во следниот состав:

- Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и
- Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

**Точка 105**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица", Пробиштип, за периодот од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година, со прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата согласно Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, му укажа на ЈП ХС „Злетовица", Пробиштип да преземе мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 106**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Барање за раскинување на Договор, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог - договорот за соработка помеѓу земјите членки на BLUE MED - функционален воздушен блок и Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за обезбедување на дополнителни средства за завршување на проектот Изградба на судница во КПУ-КПД „Идризово", Скопје и реконструкција на КПУ „Затвор Битола", Битола и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди потребниот дополнителен износ на задолжително национално кофинансирање за завршување на КПУ Затвор Битола во Буџетот за 2020 година.

2. Се задолжува Министерство за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори, по одобрување на Предлог-амандманот за Договорот за реконструкција на КПУ „Затвор Битола“, Битола, од Управата за извршување на санкциите и Министерство за правда, во најкраток можен рок да го достави амандманот на Договорот на „ex-ante“ одобрување до Делегацијата на Европската Унија.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Јакимовски и „Кари превоз“ против Северна Македонија, А.бр. 51599/11, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави Предлог-одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во вкупен износ од 15.712,5 евра треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Јакимовски и „Кари превоз“ против Република Северна Македонија, А.бр. 51599/11, најдоцна до 14 февруари 2020 година.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да ја извести Владата за Одлуката на Европскиот суд за човекови права во однос на поднесеното Барање за ревизија до Европскиот суд за човекови права на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Јакимовски и Кари превоз против Република Северна Македонија, А. бр. 51599/11.

**Точка 110**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права „Техно-интерекспорт Душко“, ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А. бр. 22078/17 и 22530/17и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот „Техно-интерекспорт Душко“, ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А. бр. 22078/17 и 22530/17.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на компанијата - апликант Техно-интерекспорт Душко ДООЕЛ Скопје, во случајот „Техно-интерекспорт Душко“,

ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А. бр. 22078/17 и 22530/17, ќе ѝ исплати износ од 5.680 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај компанијата - апликант во предметот пред Европскиот суд за човекови права, „Техно-интерекспорт Душко" ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А. бр. 22078/17 и 22530/17, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација со која ги признава повредите на Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на компанијата - апликант да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 111

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлуки за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за катастар на недвижности, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи и Министерство за правда - Управа за водење на матични книги и одлука за престанок и за давање на заедничко користење на недвижни ствари на Министерство за финансии, Агенција за катастар на недвижности, Министерство за правда-Управа за водење матични книги и Министерство за финансии-Управа за јавни приходи, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и условно ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на заедничко користење на недвижни ствари на Министерство за финансии, Агенција за катастар на недвижности, Министерство за правда - Управа за водење матични книги и Министерство за финансии - Управа за јавни приходи;

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за финансии - Управа за јавни приходи;

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за катастар на недвижности и

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за правда –Управа за водење на матични книги, доколку Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по истите, а предлагачот ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 112

Владата ја донесе Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2020 година, со заклучок предлагачот да го

усогласи текстот на Одлуката со Министерството за финансии и да го достави и Прилогот со листата на проекти за развој на планските региони за финансирање во 2020 година.

М-р Крешник Бектеши, министер за економија се иззема од одлучувањето по Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2020 година.

**Точка 113**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Се овластува м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана да го потпише Договорот за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

**Точка 115**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Битола, доколку Агенцијата за катастар на недвижности и Управата за имотно правни работи достават позитивно мислење по истата, а предлагачот текстот на Одлуката го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 116**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Штип, доколку Агенцијата за катастар на недвижности и Управата за имотно правни работи достават позитивно мислење по истата, а предлагачот текстот на Одлуката го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 117

Владата ги донесе:

1. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“ (нов текст), во предложениот текст и

2. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпилје“ (нов текст), во предложениот текст.

Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на мерки и активности на риболовното подрачје Охридско Езеро по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за еднostран раскин на Договорот за концесија на рибите за вршење на стопански риболов и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да продолжи со извршувањето на своите активности во рамките на надлежностите определени со закон и да презема соодветни постапки за заштита на риболовното подрачје Охридско Езеро како добро од општ интерес на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Државниот инспекторат за земјоделство континуирано да продолжи со вршењето на инспекцискиот надзор, контрола на вршење риболов (ловење риба) и преземање на други активности во насока на незаконито изловување на риба во Охридското Езеро и за утврдените состојби да изрекува соодветни казни согласно овластувањата од Законот.

3. Се задолжува Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира координативно работно тело за контрола и надзор и следење на состојбата со риболовот и заштита на рибите во Охридското Езеро, со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи – Езерска полиција Охрид, Регионален центар на МВР Струга, Министерството за транспорт и врски – Капетанија на пристаништата – Охрид, Државниот инспекторат за земјоделство, Општина Охрид и Општина Струга.

4. Се задолжуваат институциите од заклучокот број 3, во рок од седум дена до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достават номинации за своите претставници во координативното тело.

Точка 119

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на

Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Клиничка болница Тетово и доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење, заклучи да ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 година, 2021 година и 2022 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ „Клиничка болница Тетово“ во вкупна вредност од 60.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 25.000.000,00 денари во 2020 година;
- 25.000.000,00 денари во 2021 година и
- 10.000.000,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 120

Владата ја разгледа Информацијата за формирање комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни - монтажни гаражи во Комплекс клиники „Мајка Тереза“, Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Комплекс клиники „Мајка Тереза“, Скопје со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии да достави позитивно мислење по материјалот.

## Точка 121

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ „Универзитетска клиника за неврохирургија“, Скопје и условно ја усвои Информацијата доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2021 година, 2022 година и 2023 година на Министерството за здравство за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје во вкупна вредност од 129.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 25.000.000,00 денари во 2020 година,
- 36.000.000,00 денари во 2021 година,
- 36.000.000,00 денари во 2022 година и
- 32.000.000,00 денари во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 122

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок на користење на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија, корисник Јавна здравствена установа Општа болница Велес и пренесување право на сопственост на недвижната ствар на Општина Велес, без надомест и притоа заклучи:

1. Донесе Одлука за престанок на користење на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија, корисник Јавна здравствена установа Општа болница Велес, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Донесе Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Велес, без надомест, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 123

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности и организациони аспекти во пресрет на македонско-бугарското ко-претседавање со „Берлинскиот процес 2020 (БП-2020) и за претстојниот Состанок на министрите за надворешни

работи во рамките на БП-2020 (Скопје, 10 март 2020 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Одделението за односи со јавност во Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да определат контакт лице за координација на Состанокот на министрите за надворешни работи во рамките на БП-2020 и во рок од три дена да ги достават контакт – податоците до Министерството за надворешни работи.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за организација на Состанокот на министрите за надворешни работи (хотелско сместување за министрите/шеф на Делегација кои ќе учествуваат на настанот, закуп на конференциски простор во хотелот каде што ќе се одржува настанот, закуп на простории во хотелот наменети за работата на техничкиот секретаријат на настанот, просторија за членовите на делегациите, просторија за претставниците на медиумите, прес центар и најмалку четири простории за одржување на билатерални средби, техничка аудио-визуелна опрема, поддршка и превод, како и работниот ручек/кетерингот во придружните простории и свечениот прием на затварањето на настанот).

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците и во рок од 20 дена да подготви репрезентативен материјал и соодветно брендирање на настанот [програма, папки, пенкала, индикатори (за пленарна сесија и ручек), беџови за делегациите, акредитации за новинарите, протоколот и обезбедувањето, паноа, roll-банери, life-stream], како и да ги покрие трошоците за администрирање на веб-страницата за настанот.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбедат полициска придружба, непречен премин на граничните премини и транспорт на делегациите од Меѓународниот аеродром „Скопје“ до хотелот и обратно, транспорт согласно агендата на настанот (на локации надвор од хотелот), како и покривање на трошоците за користење на ВИП Салонот на Меѓународниот аеродром „Скопје“.

**<u>Точка 124</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за намалување на царинските стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони делови од керамички материјали.

**<u>Точка 125</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги „Маријупхарма“ ДОО експорт-импорт Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достави позитивно мислење по истата.

**<u>Точка 126</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „МБ Биоцентрум“ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достави позитивно мислење по истата.

**<u>Точка 127</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |